# ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

Кавал

**Кавалот е дувачки инстумент од типот надолжни флејти, отворени на двата краја.** Се изработува од јасеново дрво, богато орнаментиран по целата дол-жина. На секој кавал има осум мелодиски отвори, седум на предната и еден за палецот на задната страна. Кавалот се држи со двете раце.



**Кавалот звучи толо и тажно.** Порано бил само овчарски инструмент.  Се употребувал како пар кавали, од кои едниот ја води мелодијата, а други-от има улога на придружба. По Втората Светска Војна кавалите се користат како мелодиски ансамблови инструменти во различни инстру-ментални состави.

https://www.youtube.com/watch?v=HE4pItxKYSU

# ШУПЕЛКА

**Шупелката е традиционален македонски, народен дувачки инструмент, сличен на кавалот, но по должина е пократка. Се изработува од ореово, дреново јасеново или јаворово дрво.** Има 6 отвори и стеснување на воздушниот столб при горниот крај.

Тонот се произведува со дување во горниот отвор на инструментот. Со отворање и затворање на отворите со прстите од двете раце, се добиваат тонови различни по висина. Додека се свири, шупелката се држи под агол од 45 °.

Најчесто се користи како солистички инструмент во придружба со други инструменти. Во преданијата е познат како овчарски, солистички инструмент.

https://www.youtube.com/watch?v=AsI4LIowhIg



# Гајда

·

**Гајдата е двогласен, традиционален, македонски, народен, дувачки инструмент.** Се држи под рака и од време на време се полни со воздух. **Гајдата се состои од 4 дела: мев, гајдарка, дувало и брчало.** Кожата или мевот на гајдата е основен и најпрепознатлив дел. Направен е од штавена овчка или козја кожа. Гајдарката е музички најекспониран дел на гајдата. Се изработува од дрво: јасен, јавор, шимшир (зеленика) и од друго дрво. Има 7 отвори на лицето и 1 отвор на опачината за палецот. Кога се свири, инструментот се држи со двете раце. На гајдарката се изведува основната мелодија – прв глас. Дувалото служи за полнење на гајдата со воздух. Тоа е тркалезно дрвено цевче долко 100 мм. кое се изработува во разни форми. Брчалото е направено од 3 дела кои се спојуваат. Неговата големина изнесува од 550 до 750 мм. Тоа произведува континуиран тон - втор глас. Додека се свири на гајдата, брчалото може да биде префрлено преку рамо, десна рака или да има слободен пад.




- https://www.youtube.com/watch?v=OTIEFaoGB_M

# ЗУРЛА

**Зурлата е дувачки инструмент со многу гласен и проникнувачки звук и речиси секогаш е придружувана со тапан. Направена е од ореово, слиивово или друго дрво. Основни делови на зурла се: конусна цевка, славец и медник.**

Тонот се произведува со дување во двојазичната писка од трска и така се создава звук. Со отворање и затворање на отворите со прстите од двете раце, се добиваат тонови различни по висина.

https://www.youtube.com/watch?v=ZlJ6d1pLPxw



# ДУДУК

**Dudukot e tradicionalen makedonski, naroden, duva~ki instrument, so zaramnet kraj. Se izrabotuva od jasenovo, javorovo ili nekoe drugo drvo.**
Ima forma na cilindar so presek od 25 do 30 mm.
**Se izrabotuva vo dve golemini: mal duduk so golemina od 240-400 mm. (dudu~e) i golem duduk so golemina od 700-780 mm. (duduk).** Dudukot e ~esto zastapen vo narodnata instrumentalna muzika vo Makedonija.
Zvukot mu e ~ist i prijaten. Pri svirewe se dr`i so dvete race, vertikalno pred sebe. Se broi vo ov~arskite solisti~ki instrumenti. Vo Makedonija e masovno rasprostranet vo site oblasti



Изработил: Благој Крстевски
– наставник по музичко образование
во О.У. „Тодор Ангелевски“ Битола